ИЈС Рег Бр 05.04.03-21

**До:**
**Локална библиотека**
**„Страшо Пинџур"**

# Б А Р А Њ Е
# ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: Граѓанска иницијатива „И Јас Сум" Неготино, i*********@gmail.com
Застапник / полномошник на барателот на информацијата: **********, ******* бр. ***, Неготино, S************@yahoo.fr, вибер ************.

Граѓанската иницијатива „********" го имплементира проектот „********" во Неготино поддржан од здружение на млади правници и *******, со цел да се направи **анализа на пристапноста на лицата со инвалидност до јавните институции во Општина Неготино**. Анализата ќе биде јавно објавена со цел подигање на свеста за потребата за почитување на правата на лицата со инвалидност во Неготино и нивна целосна вклученост во општествениот живот.

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Дали во институција постои надворешна и внатрешна рампа за лица со инвалидност? Доколку да, под кои спецификации се изградени рампите?

*Доколку е возможно, ве молам, прикачете фотографија од пристапните рампи.*

2. Дали во институцијата има назначено лице и негов заменик за комуникација со лица со инвалидност? Доколку да, кое е нивното име и презиме и контакт за комуникација?

3. Зошто на веб страната на Библиотеката, не е јавно објавено име и презеиме и контакт од лицето и неговиот заменик за комуникација со лица со инвалидност?

4. Дали Библиотеката има листа за следење на лица кои побарале асистенција при остварување на своите права во рамки на институцијата? Колку лица со инвалидност побарале сервисна услуга од вашата институција во 2020?

5. Кои се вашите цели/предизвици за 2021 година во однос на инклузија на лицата со инвалидност во рамки на институција?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил доставен на емаил i**********@gmail.com**
- д) друго ______________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Неготино, 01.02.2021 година .**

***************

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)